С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 4 година XLIV

05 март 2009

130.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 02.03.2008 година.

Број 08-1141/1
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 02.03.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/1
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2008 ГОДИНА

Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година се состои од:

	Планирани	**Реализирани**
- Вкупно приходи	**549.681.419 денари**	**493.682.732 денари**
Даночни приходи	103.158.878 денари	71.951.934 денари
Неданочни приходи	5.170.000 денари	3.200.482 денари
Капитални приходи	25.730.000 денари	17.152.132 денари
Трансфери	39.704.305 денари	35.635.873 денари
Дотации	307.815.464 денари	307.551.233 денари
Приходи од самофинансирачки активности	47.169.280 денари	37.351.631 денари
Донации	2.004.600 денари	1.910.555 денари
Пренесено салдо од 2007 година	18.928.892 денари	18.928.892 денари

-Вкупно расходи	**549.681.419 денари**	**481.898.189 денари**
Утврдени намени	548.181.419 денари	481.258.143 денари
Резерви	1.500.000 денари	640.046 денари
-Салдо на 31.12.2008		**11.784.543 денари**

Член 2

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 3.433.429 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на Општина Велес за 2009 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на дотации во износ од 2.883.170 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски дотации на Општина Велес за 2009 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ од 5.044.015 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на Општина Велес за 2009 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 423.929 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на донации на Општина Велес за 2009 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи и приливи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи и одливи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година и тоа:

Tabeli excel

ЗАВРШНА СМЕТКА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2008 ГОДИНА

во денари

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- Велес							Основен буџет 2008		Дотации 2008		Самофинасирачки активности 2008		Донации 2008		Кредити 2008		Вкупно 2008	
БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС							План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација
ВИШОК НА ПРИХОДИ								3.433.429		2.883.170		5.044.015		423.929		0		11.784.543
	7						192.692.075	146.869.313	307.815.464	307.551.233	47.169.280	37.351.631	2.004.600	1.910.555	0	0	549.681.419	493.682.732
		71					**Даночни приходи**	**103.158.878**	**71.951.934**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**103.158.878**	**71.951.934**
						711	Данок од доход, добивка и капитални добивки	5.200.000	4.022.297									5.200.000	4.022.297
						712	Придонеси од плати за социјални фондови											0	0
						713	Даноци на имот	35.570.239	26.301.869									35.570.239	26.301.869
						714	ДомаШни даноци на стоки и услуги											0	0
						715	Данок од меЃународна трговија и трансакции (царини и давачки)											0	0
						716	Други даноци											0	0
						717	Даноци на специфични услуги	61.688.639	41.378.856									61.688.639	41.378.856
						718	Такси за користење или дозволи за врШење на дејност	700.000	248.912									700.000	248.912
						719	Данок на финансиски трансакции											0	0
		72					**Неданочни приходи**	**5.170.000**	**3.200.482**	**0**	**0**	**44.473.737**	**34.656.088**	**0**	**0**	**0**	**0**	**49.643.737**	**37.856.570**
						721	Претприемачки приход и приход од имот						955					0	955
						722	Такси и надоместоци	1.000.000	1.050.151									1.000.000	1.050.151
						723	Административни такси и	1.010.000	61.715			44.473.737	34.637.381					45.483.737	34.699.096
						724	Други Владини услуги	560.000	201.736				7.912					560.000	209.648
						725	Други неданочни приходи	2.600.000	1.886.880				9.840					2.600.000	1.896.720
		73					**Капитални приходи**	**25.730.000**	**17.152.132**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**25.730.000**	**17.152.132**
						731	Продажба на капитални средства	16.530.000	16.530.000									16.530.000	16.530.000
						732	Продажба на стоки											0	0
						733	Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања	9.200.000	622.132									9.200.000	622.132
						734	Капитални трансфери од невладини извори											0	0
		74					**Трансфери и донации**	**58.633.197**	**54.564.765**	**307.815.464**	**307.551.233**	**2.695.543**	**2.695.543**	**2.004.600**	**1.910.555**	**0**	**0**	**371.148.804**	**366.722.096**
						741	Трансфери од други нивоа на власт	58.513.197	54.426.765	307.815.464	307.551.233	2.695.543	2.695.543	5.736	5.73 6			369.029.940	364.679.277
						742	Донации од странство	120.000	138.000					1.998.864	1.904.819			2.118.864	2.042.819
						743	Капитални донации											0	0
		75					**ДомаШно задолжување**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
						751	Краткорочни позајмици во земјата											0	0
						752	Благајнички записи											0	0
						753	Долгорочни обврзници											0	0
						754	ДомаШно задолжување											0	0
		76					**Задолжување во странство**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
						761	МеЃународни развојни агенции											0	0
						762	Странски влади											0	0
						769	Други задолжувања во странство											0	0
		77					**Продажба на хартии од вредност**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
						771	Продажба на хартии од вредност											0	0
		78					**Приходи од отплата на заеми**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
						781	Приходи од наплатени дадени заеми											0	0

ЗАВРШНА СМЕТКА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2008 ГОДИНА

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- Велес	Основен буџет 2008		Дотации 2008		Самофинансирачки активности 2008		Донации 2008		Кредити 2008		Вкупно 2008	
БУЏЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС	План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација	План	Реализација
4 ВКУПНИ РАСХОДИ	**192.692.075**	**143.435.884**	**307.815.464**	**304.668.063**	**47.169.280**	**32.307.616**	**2.004.600**	**1.486.626**	**0**	**0**	**549.681.419**	**481.898.189**
40 Плати наемнини и надоместоци	**23.058.675**	**21.052.740**	**253.700.082**	**252.249.421**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**276.758.757**	**273.302.161**
401 Основни плати и надоместоци	17.364.625	15.735.642	176.492.423	175.851.197							193.857.048	191.586.839
402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	5.657.550	5.284.979	76.689.891	75.951.740							82.347.441	81.236.719
403 Останати придонеси од плата	36.500	32.119	517.768	446.484							554.268	478.603
41 Резерви и недефинирани расходи	**1.500.000**	**640.046**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.500.000**	**640.046**
411 Финансирање на нови програми и потпрограми											0	0
412 Постојана резерва (непредвидливи расходи)											0	0
413 Тековни резерви (разновидни расходи)	1.500.000	640.046									1.500.000	640.046
42 Стоки и услуги	**72.432.100**	**55.901.731**	**52.915.884**	**51.226.255**	**43.626.780**	**30.206.841**	**1.868.600**	**1.363.634**	**0**	**0**	**170.843.364**	**138.698.461**
420 Патни и дневни расходи	1.843.500	712.910	60.000	29.998	970.200	364.210	233.795	95.850			3.107.495	1.202.968
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	17.756.932	16.143.056	39.685.852	38.339.285	3.847.600	2.606.426	296.952	276.952			61.587.336	57.365.719
423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	4.476.000	4.221.791	1.195.581	1.191.721	19.145.000	15.251.071	194.400	192.544			25.010.981	20.857.127
424 Поправки и тековно одржување	23.793.400	17.295.350	778.272	759.757	3.015.500	1.339.092					27.587.172	19.394.199
425 Договорни услуги	17.133.368	12.732.979	11.025.420	10.744.730	15.270.480	9.967.180	936.353	721.913			44.365.621	34.166.802
426 Други тековни расходи	7.428.900	4.795.645	170.759	160.764	1.378.000	678.862	207.100	76.375			9.184.759	5.711.646
43 Тековни трансфери до вонбуџетските фондови	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
431 Трансфери до фондот за ПИОМ											0	0
432 Трансфери до Агенцијата за вработување											0	0
433 Трансфери до Фондот за здравство											0	0
44 Тековни трансфери до единиците на локалната сам	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
441 Дотации од ДДВ											0	0
442 Наменски дотации											0	0
443 Блок дотации											0	0
444 Дотации за делегирани по одделни надлежности											0	0
45 Каматни плаќања	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
451 Каматни плаќања кон нерезидентни кредитори											0	0
452 Каматни плаќања кон домашни кредитори											0	0
453 Каматни плаќања кон други нивоа на власт											0	0
46 Субвенции и трансфери	**5.807.500**	**3.697.337**	**0**	**0**	**0**	**0**	**136.000**	**122.992**	**0**	**0**	**5.943.500**	**3.820.329**
461 Субвенции за јавни претпријатија											0	0
462 Субвенции за приватни претпријатија											0	0
463 Трансфери до невладини организации	434.500	310.820					85.000	74.000			519.500	384.820
464 Разни трансфери	5.373.000	3.386.517					51.000	48.992			5.424.000	3.435.509
47 Социјални бенефиции	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
471 Социјални надоместоци											0	0
472 Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд											0	0
473 Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување											0	0
474 Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување											0	0
48 Капитални расходи	**89.893.800**	**62.144.030**	**1.199.498**	**1.192.387**	**3.542.500**	**2.100.775**	**0**	**0**	**0**	**0**	**94.635.798**	**65.437.192**
480 Резерви за капитални расходи											0	0
481 Градежни објекти											0	0
482 Други градежни објекти	74.280.000	52.661.292									74.280.000	52.661.292
483 Купување мебел, опрема, возила и машини	14.793.800	9.451.373	1.199.498	1.192.387	3.542.500	2.100.775					19.535.798	12.744.535
484 Стратешки стоки и други резерви											0	0
485 Други нефинансиски средства	820.000	31.365									820.000	31.365
486 Финансиски средства											0	0

ЗАВРШНА СМЕТКА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2008 ГОДИНА

	487 Капитални трансфери до вонбуџетски фондови											0	0
	488 Капитални дотации до ЕЛС											0	0
	489 Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации											0	0
49	Отплати на главнина	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	491 Отплата на главнина до нерезидентни кредитори											0	0
	492 Отплата на главнина до домашни институции											0	0
	493 Отплата на главнина до други нивоа на власт											0	0

Член 4

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на Општина Велес за 2008 година се објавува во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/1
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев

131.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај на Општина Велес за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај на Општина Велес за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/2
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.03.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај на Општина Велес за 2008 година

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај на Општина Велес за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/2
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.61/04 и 96/04),член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и Статут на Општина Велес (“Сл.гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 02.03.2009 година го усвои,

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2008 ГОДИНА

Февруари 2009

1.Вовед

Општина Велес се наоѓа во централниот дел на Република Македонија на површина од 464,5 километра квадратни со 28 населени места и градот Велес , со 14 урбани и 19 месни заедници.

На територијата на Општина Велес живеат 55.108 илјади жители во 16.959 домаќинства со 20.717 станови (сите видови живеалишта).Од вкупниот број на жители 27.632 се мажи а 27.476 се жени.

Од вкупниот број на жители 46.767 се изјаснети како Македонци или 84,86 %, 2.406 се изјаснети како Бошњаци, 2.299 се изјаснети како Албанци, 1.724 се изјаснети како Турци итн.

Според школската подготовка структурата на целокупното население е следната и тоа со ССС има 20.491, со ВШС 1.553 , со ВСС 2.770 , со Магистратура 40 и со Докторат 7 лица.

На територијата на општината постојат 3.430 деловни субјекти распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности :

Видови на деловни субјекти во 2006 година

вкупно	земјоделство, лов и шумарство	рибарство	вадење на руди и камен	преработувачка индустрија	снабдување со електрична енергија, гас и вода	градежништво	Трговија на големо и мало	Хотели и ресторани	Сообраќај , складирање и врски	Финансиско посредување	Активности во врски со недвижен имот	Јавна управа и одбрана	Образование	Здравство и социјална работа	Други комунални, културни, општи и лични услужни активности	Екстериторијални организации и тела
3430	112	0	5	399	1	87	1761	134	302	7	115	40	28	78	361	0



Извор: Државен завод за статистика (12.01.2006)

Од 01.07.2005 година согласно законот за децентрализација Општина Велес ги презеде основачките права на 8 основни, 4 средни и едно музичко училиште, народен музеј, матична библиотека, детска градинка и територијалната противпожарна единица како установи основани од општината кој се јавуваат како буџетски корисници.

Од 01.09.2007 година Општина Велес премина во втората фаза на децентрализација при што се превзеде целосно финансирањето на локалните установи за материјалните трошоци и платите на вработените лица.

Капиталните инвестиции и понатаму се надлежност на централната власт на република Македонија.


2.Годишна сметка

За обавување на основните функции и преземените надлежности согласно законот за децентрализацијата Советот на Општина Велес за тековната 2008 година донесе буџет во транспаретна постапка во две фази како нацрт и предлог во износ од 549.681.419,00 денари по програми согласно буџетско-трезорското работење со следната структура на приходи и расходи:

Табела 1

Планирани приходи

Планиран приходи по видови	2007 год.	2008 год.	сооднос 2008/2007 %
Даночни приходи	86.763.600	103.158.878	118.90
Неданочни приходи	3.910.000	5.170.000	132.23
Капитални приходи	764.814	25.730.000	3.364.22
Трансфери	32.791.062	39.704.305	121.08
Блок дотации	105.841.027	307.815.464	290.83
Приходи од самофинан. активности	40.546.200	47.169.280	116.33
Донации	2.103.900	2.004.600	95.28
Пренесено салдо од претходна година	6.236.455	18.928.892	303.52
Вкупно планирани приходи	278.957.058	549.681.419	197.05





Од погоре дадената табела се забележува дека Вкупно планираните приходи во 2008 година во однос на 2007 година бележат пораст од 97.05 %. Ваквиот пораст се должи пред се на зголемувањето на наменските дотации кои од 01.09.2007 год. прераснаа во блок дотации односно со преминувањето во втората фаза на децентрализацијата при што и платите на вработените во образованието, културата како и социјалната заштита преминаа на локално (општинско) ниво, за разлика во 2008 година каде за целата фискална година беа планирани комплетни средства за обавување на дејноста во областа на образованието, култура и социјална заштита и заштита на децата.

Значителен пораст на планираните приходи се бележи и кај даночните приходи , а што се должи на репроценката на недвижниот имот кој се врши на територијата на Општина Велес како и на зголемениот напор на Општинската администрација за наплата на изворните приходи на Општината.

Значителен пораст во планираните приходи се бележи и кај капиталните приходи во кои се предвидени приходите од продажба на државно градежно земјиште како и продажбата на објектот во кој беше сместена библиотеката „Гоце Делчев“.

Планирани расходи

Планирани расходи по видови	2007 год.	2008 год.	сооднос 2008/2007 %
Плати,наемнини и надоместоци	91.370.728	276.758.757	302.90
Резерви и недефинирани расходи	1.000.000	1.500.000	150.00
Стоки и услуги	128.526.399	170.843.364	132.92
Субвенции и Трансфери	4.565.329	5.943.500	130.19
Капитални расходи	53.494.602	94.635.798	176.91
Вкупно планирани расходи	278.957.058	549.681.419	197.05





Во делот на вкупно планираните расходи во 2008 година споредено со планираните расходи за 2007 година се забележува пораст од 97,05 % а кој пораст се должи на веќе претходно спомнатото за преодот во втората фаза на децентрализација каде во 2008 година се планирани расходи за целата фискална година , како и на зголемување на капиталните расходи (инвестиции) кои Општина Велес планирала да ги реализира во 2008 година.

Врз основа на усвоените програми кој се составен дел на буџетот на Општина Велес е реализирано извршувањето на буџетот како следува:

Вкупно реализирани приходи

Вид на приход	2007 год	2008 год	сооднос 2008/2007 %
Даночни приходи	71.421.374	71.951.934	100.74
Неданочни приходи	3.709.814	3.200.482	86.27
Капитални приходи	1.102.664	17.152.132	1.555.52
Трансфери	35.057.874	35.635.873	101.65
Наменски дотации	105.782.448	307.551.233	290.74
Приходи од самофинансирач. активности	30.721.883	37.351.631	121.58
Донации	1.255.516	1.910.555	152.17
Пренесено салдо од мината година	6.236.455	18.928.892	303.52
Вкупно реализирани приходи	255.288.028	493.682.732	193.38





Од погоре дадената табела 3 може да се забележи дека вкупно реализираните приходи во општина Велес за 2008 година изнесуваат 493.682.732 денари и се зголемени во однос на реализираните приходи во 2007 година за 93.38 % , а истите споредени со планираните приходи бележат остварување од 89.81 %.

Ваквиот пораст се должи пред се на зголемувањето на наменските дотации кои од 01.09.2007 год. прерасна во блок дотации односно со преминувањето во втората фаза на децентрализацијата при што и платите на вработените во образованието, културата како и социјалната заштита преминаа на локално (општинско) ниво и во 2008 година се појавуваат како блок дотација за цела фискална година и бележат пораст од 190,74 %.

Пораст на реализираните приходи се и кај реализираните капитални приходи како и приходите од самофинансирачките активности приходи како и на реализираните донации во 2008 година.

Вкупно реализирани расходи

Остварени расходи по видови	2007 год.	2008 год.	сооднос 2008/2007 %
Плати,наемнини и надоместоци	88.229.833	273.302.161	309.76
Резерви и недефинирани расходи	354.920	640.046	180.34
Стоки и услуги	107.775.706	138.698.461	128.69
Субвенции и Трансфери	3.897.972	3.820.329	98.00
Капитални расходи	36.100.705	65.437.192	181.26
Вкупно остварени расходи	236.359.136	481.898.189	203.88





И кај вкупно реализираните расходи може да се забележи дека го следат трендот на пораст во однос на 2007 година и тој пораст изнесува 103.88 % и нивното извршување во однос на вкупно планираните расходи изнесува 87.67 %.

Ваквиот пораст се должи пред се на зголемувањето на наменските дотации кои од 01.09.2007 год. прерасна во блок дотации односно со преминувањето во втората фаза на децентрализацијата при што и платите на вработените во образованието, културата како и социјалната заштита преминаа на локално (општинско) ниво и во 2008 година се појавуваат како блок дотација за цела фискална година и бележат пораст од 209,76 %.


Пораст на реализираните расходи се и кај реализираните капитални расходи кои бележат пораст од 81,26 % како и расходите за стоки и услуги кои споредени со 2007 година бележат пораст од 28,69 %.

Парични средства, побарувања , обврски и извори на средства

Салдото на сметката на буџетот на општината на 31.12.2008 година изнесува 3.433.429,00 ден. Овие средства преставуваат вишок на приходи за пренос во наредната година и се еднакви на вкупно остварената добивка во билансот на успех на буџетот на општината.

Во билансот на состојба со 31.12.2008 год. на име побарувања е искажан износ од 23.064.739.00 денари кој произлегува од:

Кумулирани побарувања по разни основи	Сума	%
Побарувања од граѓани – данок на имот	7.909.417	34.3
Побарувања од склучени договори за комуналии	106.544	0.5
Побарувања од граѓани за измена на ДУП	88.842	0.4
Побарувања од фирми за назив (фирмарина)	13.966.342	60.5
Побарувања од граѓани за рента	511.186	2.2
Побарувања од фирми за користење на ЈПП	232.385	1.0
Други побарувања	250.023	1.1
Вкупно	**23.064.739**	**100**




Вкупните обврски на Општина Велес на 31.12.2008 година изнесуваат 4.172.481 денари од кои :


- Вкалкулирани плати спрема вработените за 12.2008 - 1.482.248 ден
- Тековни обврски спрема добавувачи
- 2.690.233 ден


Тековните обврски спрема добавувачите се однесуваат за обврски за потрошена електрична енергија, телефон , вода и сл. за месец декември 2008 а кои фактури како задолженија се добиени во месец јануари 2009 година.

Заклучно со 31.12 2008 година вредноста на постојаните средства на Општина Велес изнесуваат 326.612.824 денари со следната структура:

Р.бр	Постојани средства на Општина Велес	Вредност 2007	Вредност 2008	Сооднос 2008/2007 %
1	Нематеријални средства	323.616	821.582	253.88
2	Градежни објекти	64.035.521	59.445.762	92.83
3	Улици, патишта , тротоари и др. објекти	122.180.165	116.648.836	95.47
4	Опрема	21.305.882	29.459.873	138.27
5	Материјални средства во подготовка	78.729.269	120.236.771	152.72
Вкупно		**286.574.453**	**326.612.824**	**113.97**








3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
M - Социјална заштита и заштита на децата
N - Образование
W - Противпожарна заштита

Програми	Планирано 2008	Реализирано 2008	реал/плани %
Противпожарна заштита	12.269.500	11.267.796	91.84
Социјална заштита	43.830.163	43.307.822	98.80
Спорт и рекреација	5.273.000	3.369.849	63.91
Култура	24.405.015	17.827.656	73.05
Образование	299.828.941	280.984.025	93.71
Локален економски развој	13.457.500	9.511.154	70.67
Програма за уредување на градежно земјиште	85.080.000	60.419.765	71.01
Капитални трошоци на Општината	21.263.800	17.917.824	84.26
Општинска администрација	33.576.400	31.041.203	92.45
Месна самоуправа	50.000	50.000	100.00
Градоначалник	2.222.600	1.875.457	84.38
Совет на Општина	8.424.500	4.325.638	51.35
Вкупно	**549.681.419**	**481.898.189**	**87.67**



3.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 8.424.500 денари реализирани се 4.325.638 денари.

Советот на Општина Велес во 2008 година одржа 20 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2008 година на име надоместоци исплатени се 2.630.277 денари, односно 60.80 % од вкупната реализација. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 240.000 ден односно 5.54 %. За стоки и услугии се потрошени 981.131 ден или 22.68 %. Најголем износ од 295.860 денари се однесува за снимање и емитување на седниците , како и 203.326 денари за печатење на флаери и емитување на спотови за кампањи. За субвенции и трансфери се потрошени средства во износ од 474.320 денари или 10,96 % а се однесуваат воглавно за стипендии на ученици и студенти и за делегираната надлежност од областа на спортот.Останатите средства се потрошени за доделување на награди за животно дело и други награди кои се доделуваат во Општината.

3.1. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 2.222.600 денари во буџетот, реализирани се 1.875.457 ден. односно 84,38%.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.238.607 денари односно 66,04%.Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 400.046 денари или 21,33% за исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општинските јавни институции. Остатокот од средствата се исплатени на име патни и дневни трошоци и комунални услуги, комуникации и транспорт.

3.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 54.840.200 денари, а се реализирани 48.959.027 денари или 89,27 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 17.057.788 ден односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 34,84 %. На име договорни услуги реализирани се 4.895.988 денари или 10,00% во однос на вкупната реализација по оваа програма. Најголем дел отпаѓа за членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на граѓаните на Општина Велес во износ од 4.700.286 ден односно 9,60 %. За стоки и услуги(комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар и тековно одржување) се потрошени 13.178.908 ден или 26,91% од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација. За субвенции и трансфери исплатени се 804.507 денари односно 1,64%, од кои 700.000 денари се однесуваат за изградба на соборниот храм.

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 17.917.824 денари или 36,59 % . Најголем дел се реализирани за реконструкција на зградата на поранешниот ЦДТ-Пионерски дом Ѓоре Органџиев, реконструкција на делови во зградата на Општината,купување на информатичка и друга опрема во Општината и поранешниот Пионерски дом и набавка на моторно возило.

3.4. Г- Локален економски развој

Активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој се дефинирани во рамки на Програмата за ЛЕР. Цел на оваа Програма е забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. Активностите се групирани во:

Г1 – активности за подршка на ЛЕР, и
ГА – изградба на комерцијални објекти.

Согласно ова, за реализација на планираните активности во текот на 2008 година, предвидени се буџетски средства во висина од 13.457.500,00 денари.

Преглед на намена на планирани и реализирани трошоци

Г1) Подршка на локалниот економски развој

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)	Потрошени во 2008 (мкд)
1.	Подршка на центарот за регионален развој на Вардарскиот плански регион	750.000,00	0,00
2.	Кофинансирање на физибилити студија за иден приоритетн проект финансиран од страна на IPA	250.000,00	0,00
3.	Обука на бизнис секторот за пристап до донаторски средства и изработка на апликации во рамки на IPA	300.000,00	0,00
4.	Кампањи и промоции	100.000,00	0,00
5.	Печатење на промотивен материјал	400.000,00	0,00
6.	Пренесени средства за		
	Воспоставување на „Општински образовен портал“	457.500, 00	221.005, 00
	ВКУПНО:	**2.257.500,00**	**221.005, 00**

ГА) Изградба на комерцијални објекти

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (ден.)	Потрошени во 2008
1.	Опремување на туристичко информативно биро	200.000,00	0,00
2.	Доизградба на инфраструктура на Езеро Младост	9.700.000,00	8.640.486,00
3.	Доизградба на инфраструктура во индустриска зона „Речани 2“	1.300.000,00	649.663,00
	ВКУПНО:	**11.200.000,00**	**9.290.149,00**

Согласно ова потрошени се 9.511.154,00 денари или 70,67 % од предвидените средства за 2008 година.

Од дополнителните, проектно оријентирани активности во областа на ЛЕР, реализиран и се следните проекти:

1.Изградба на улици во индустриска зона „Речани „. Вкупната вредност на проектот изнесува 197.000 € (12.115.500,00 денари) и

2.во соработка со АВРМ:

„Времено вработување на долгорочно невработени лица во вршење на јавни работи“ во вкупна вредност од 1.789.000,00 денари, од кои: програмата учествува со 720.000,00 денари, а партнерите – Општина Велес и ЈКП „Дервен“ со 1.069.000,00 денари.

3.5. Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

За реализација на програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот предвидени се 20.760.000 денари а реализирани се 10.551.114 денари или 50,82 %. Извршувањето на оваа програма се одвиваше по следните позиции (потпрограми).

Позиција Ф1 - Урбанистичко планирање – За оваа намена се планирани средства во износ од 5.300.000 ден а реализирани 3.640.111 ден или 68,68 % остварување на планот. Од планираните ГУП, ДУП, УП за село, УП вон населено место се изработија урбанистички проекти за :

- Дополнување на Генерален урбанистички план за град Велес – дополна на ГУП со диспозиција на бензински станици
- Генерален урбанистички план за Велес – основна планирана сообраќајна мрежа - измени и дополнувања
- Техничка исправка за дел од ДУП Велес – централно градско подрачје – измена и дополна – локалитет А
- Изменување и дополнување на дел од Деталниот урбанистички план „ Димитар Влахов Б8, Б9, Б10, Б11 и Б12 “Општина Велес
- Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет „Дел од старо градско јадро“, помеѓу ул.„Крушевска“ и дел од ул.„Крали Марко“– Општина Велес 2008-2013.
- Детален урбанистички план за Модул 1 и 2 меѓу улиците „Ленинова, Енгелсова“ и железничката пруга Скопје-Битола – Општина Велес

Исто така се изработија проекти за инфраструктура за сателитската населба за езеро Мадост, инустриската зона Речани 2 , проект за пробивање на улицата за спој на ул. Благој Ѓорев и Белградска (кај Пашиќ), проект за улици за населба Хабитат, Анекс за фекална канализација за населено место Оризари, Основен проект за адаптација на железен мост на пругата Велес- Кочани во Велес со додавање на конструкцијата за пешачките патеки, Изведбени проекти за фекална канализација за Речани 2 и за Фекална канализација од езеро Младост до населено место Новачани , Проекти за улици за Сателитска населба Езеро Младост, Фекална канализација за населено место Клуковец, Основен проект за водоснабдување на с.Сливник.

Позиција Ф2 – Уредување на градежно земјиште

За уредување на градежно земјиште се планирани средства во износ од 6.510.000 ден а реализирани се средства во износ од 4.463.745 ден. или процентот на реализација изнесува 68,56.

Се изврши крпење на ул. Питу Гули, се избетонира ул. 11 Октомври, дел од улица Ганчо Хаџи Панзов со потпорен зид, се асвалтираа улиците Наум Наумовски Борче, дел од Луј Пастер, улица во с.Оризари до новоизградената училишна зграда, дел од ул.Невена Георгиева Дуња. Се избетонира крак од ул.Енгелсова , ул.Јане Сандански и ул.Ѓоре Органџиев,се изврши асвалтирање на дел од обиколниот пат кон Башино село, се изврши реконструкција на улица спој на ул.Алексо Демниевски со ул.Благој Ѓорев со бехатонски елементи;се изврши прередување на камени коцки на ул.Кукушка и ул.Браќа Поп Јорданови од спој со Љубен Весов.

Позиција Ф3 - Уредување на простор во рурални подрачја

За уредување на простор во рурални подрачја се планирани средства во износ од 3.850.000 ден а реализирани се средства во износ од 1.674.320 ден. или процентот на реализација изнесува 43,49.

Од ставката уредување на простор во рурални подрачја се изврши ископ на бунари за подобрување на водоснабдувањето на селата Раштани, Сливник и Клуковец, се уредија пристапите кон училиштата во селата Сливник и Клуковец, се санираше дел од училиштето во с. Црквино, се набавија и измонтираа нови спојни елементи за водоводот во с. Слп, се изврши реконструкција на салата и на просторот за отворена канцеларија во с. Иванковци, се изведе крак за фекална канализација во селата Иванковци и Бузалково, се набавија канализациони цевки за селата Мамутчево, Црквино и Раштани.

Позиција ФА – Изградба на водовод, фекална и атмосверска канализација –се изведе шахта за атмосферска канализација пред силосите на Жито Вардар со што се реши проблемот со атмосферските води.На потегот населба Дурутовец –река Вардар на постоечката канализациона мрежа не постоеа шахти и не можеше да се одржува истата па беа изработени потребниот број на шахти за нормално функционирање на канализациониот систем.

Поради изградба на нови објекти и обврската на општината да ги приклучи на системот за водоснабдување и потребата од реконструкција на постоечката мрежа од страна на ЈКП Дервен заеднички беше извршено поставување на водоводна линија на улица Тодор Јанев

3.6. J – Комунални дејности

За комунални дејности во Буџетот за 2008 година беа планирани средства во износ од 63.830.000 денари а се реализирани средства во износ 49.596.521 денари или програмата е реализира со 77,70 % .

J0 Од ова ставката се изврши одржувањето на урбаната опрема,

J3 Јавно осветлување од оваа ставка се изврши плаќањето за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување и се изврши набавка на репро материјал за јавното осветлување.

J6 Од ставката одржување на локални патишта се изврши зимското одржување на улици и патишта, се прошири дел од патот Бузалково – Сливник, се изведе ригола на дел од пристапниот пат кон с. Горно Оризари.

JA Изградба на јавно осветлување се изврши замена на постојните сијалици со штедливи на дел од главните сообраќајници, се постави ново улично осветлување на улиците: краци на ул.Игманска , пристап на улица кон Динамо Хит , ул.Панко Брашнар пред МВР , осветлување на новоасфалтирана улица на спој на ул.Белградска и Благој Ѓорев, се изврши проширување на мрежата за улично осветлување на ул.Игманска, с.Бузалково, с.Горно Оризари , а се осветли партерот пред зграда на ул.11 Октомври, се реконструираше уличното осветлување на ул. Алексо Демниевски (кон железничка станица), се реконструираше осветлувањето на мостот Гемиџии, на партерното осветлување во комплекс Узус и зградата на Хив (бањата), се набавија нови елементи за новогодишно осветлување.

ЈД1. Изградба на улици се изврши асвалтирање на дел од ул.Луј Пастер , Бетонирање на ул.Велко Влаховиќ, ул.Јовче Чучук (Јурија), ул.Родна Ивева, поплочување на ул.Благој Ѓорев со Алексо Демниев , поплочување на ул.Цар Самоил, крпење на улица Тодор Јанев, асфалтирање на пристап кон училиштето во Оризари

ЈД3. Изградба на тротоари се изврши асвалтирање на тротоарите на ул. Марксова-спој со ул.Никола Карев, Алексо Демниевски до железничка станица, Алексо Демниевски до нова Библиотека, Андон Шурков до надвозникот, Енгелсова, Никола Карев, спој на ул. Петре Прличков и Димитар Влахов, тротоар на ул. Кумановска до ул. Наум Наумовски Борче, поплочување на тротоар на ул.Тодор Јанев, ул.Никола Карев до ОУ Васил Главинов, бетонирање на тротоар на ул.Вардарска, асфалтирање на тротоар спој на ул.Невена Георгиева Дуња до спој со ул.Живко Фирфов, асвалтирање на тротоар на ул.Народен фронт, поплочување на тротоар на ул.Страшо Пинџур и Киро Ќучук.

ЈД4. Изградба на потпорни зидови се изврши Регулација на дел од река Вардар, се изведоа потпорни ѕидови на ул.Роса Плавева, ул.Васил Ѓоргов, ул.Јордан Џурнов, изведба на потпорен ѕид со пристапна рампа пред Библиотека, изведба на потпорен ѕид и скали на ул.Благој Ѓорев

ЈД Разни зафати Се изведоа Јавни санитарничворови кај Градскиот часовник и бетонирање на плоча на ул.Петре Прличков врз Дервенски поток

ЈД Изградба на локални патишта. Поправка на патот кон с.Слп, поправка на патот од с.Сливник кон с.Рлевци,

ЈД Реконструкција на спортски терени . Се изврши асфалтирање на спортските терени во Градскиот парк, реконструкција на ограда на спортски терени и опрема и инфраструктура за помошен фудбалски терен во Градскиот парк

ЈФ Изградба на сообраќајна сигнализација. Извршено е хоризонтално обележување на улиџците низ градот и вертикална сигнализација и се изврши поставување на легнати полицајци

ЈМ Паркови, зеленило и детски игралишта се уреди зеленилото во Младинскиот парк , комплекс Узус и др.

ЈН Урбана опрема. Поставени се огради и ракофати на повеќе локации низ градот по барање на жителите. Во согласност со законот за јавна чистота поставени се корпи за отпадоци во централното градско подрачје

Р1 Заштита на животна средина и природа

За заштита на животна средина и природа во Буџетот за 2008 година беа планирани средства во износ од 490.000 денари а се реализирани средства во износ 272.130 денари или програмата е реализира со 55,53 % .

Во ставката Анализи на квалитет на животната средина извршени се анализи на водата од новоизведен водоснабдителен објект Бела вода на Езеро Младост, сопственост на Општина Велес. Извршени се и мерења на бучава во животната средина и имисии на бучава во соседство од угостителски и други објекти.

Во ставката Б интегрирани еколошки дозволи средствата се искористени за нотарски услуги во постапката на издавање на Дозволи за усогласување со оперативен план и објава на барањата и дозволите во дневен весник, согласно Законот за животна средина .

Во ставката Програма за управување со отпад средствата се искористени за набавка на 3 нови метални контејнери за комунален отпад од 5м3.

3.7. К – Култура

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2008 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ, во планиран износ од 24.405.015 денари, а се реализира во износ од 17.827.656 денари.

Во 2008 година се реализираше втората фаза од донацијата на амбасадата на Кралство Холандија за поддршка на Програмата за култура на Општина Велес за периодот 15.04.2007-31.12.2008 година. Во 2008 година Холандската амбасада ја поддржа Програмата за култура со 1.487.100 денари.

Заради проектот Програмата мораше да се планира за две години однапред. Бидејќи законските прописи налагаат Буџетот да се планира годишно, во декември 2007 година Програмата беше донесена како Измени и дополнување на Програмата за активностите на општина Велес во 2007 и 2008 година.

Со преземање на надлежностите од втората фаза на децентрализацијатајата во културата Програмата за култура се прошири со податоците за трансферот на средства за платите на вработените во Локалната библиотека „Гоце Делчев" и Локалната установа Народен музеј.

Програмата за култура опфаќа четири дела: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската година, инвестиции со кои се создаваат добра од трајна вредност, трансфер на средства кон локалните културни манифестации и други расходи.

Манифестации

Во Програмата во 38 позиции е предвидено реализирање на манифестации од меѓународен, републички и локален карактер. Некои од нив опфаќаат поголем број содржини како на пример меѓународните фестивали, изложби, промоции, така што оваа бројка на културни настани е многу поголема и ја надминува бројката од 100. Во областа на културата во 2008 година се обележаа и големите јубилеи поврзани со ликот и делото на Кочо Рацин – 100 години од раѓањето, 65 години од неговата погибија и 45 години од одржувањето на Културната манифестација „Рацинови средби“ за што Општина Велес ја прогласи 2008 за Година на Рацин и донесе посебна програма за нејзино обележување што исто така е предмет на овој Извештај.

Реализирани Меѓународни културни манифестации се:

Ред. бр.	Име на манифестацијата	износ
1.	45-тите Рацинови средби	485.165,00
2.	V-ти Меѓународен фолклорен фестивал „Велес"	550.778,50
3.	VII-ми Фестивал на античка драма „Стоби"	1.022.601,00
4.	IV-та Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори".	304.982,50
	ВКУПНО:	**2.363.527,00**

За Рациновите средби, Фолклорниот фестивал и Фестивалот на античка драма Совет на Општина Велес усвои поединечни наративни и финансиски извештаи подготвени од организационите одбори на манифестациите.

IV Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" се одржа во периодот од 9-18 јули 2008 година во с. Папрадиште. На неа учествуваа 13 сликари и вајари и 6 копаничари. Од учесниците 5 беа гости од Бугарија, Словенија и Србија, а останатите беа од Република Македонија и Велес. Раководител на сликарскиот дел од колонијата беше академскиот сликар Живко Пренџов, а на копаничарскиот копаничарот Љубомир Бисин. Од колонијата во сопственост на Општина Велес останаа 23 слики масло на платно, 6 длабокореза и 5 скулптури.

Делата од колонијата се врамени и за нив е изработен каталог. На јавноста и беа презентирани на изложбата поставена по повод општинскиот празник 9-ти Ноември.

За Меѓународна манифестација може да се смета и презентирањето на велешката култура во странство. Во 2008 година изложба од дела создадени на III Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ гостуваше во збратимениот град Свиштов во Република Бугарија.

Во текот на летниот период од 10-јуни до 8 ми септември реализирани повеќе културни збиднување на отворен простор во соработка со здруженија на граѓани,

Традиционални културни манифестации одржани во 2008 година се: Празничен концерт, Питијада - избор на Пита мајстор за 2008 год. Априлијадата, манифестацијата „Велигденско јајце", Градската манифестација Источен петок Балаклија, Недела на детето, 41-те Детски рацинови средби, VI-тиот Салон на стрип, два саема на книгата (пролетен и новогодишен) итн.

Негувањето на културата, традициите и обичаите на заедниците

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2008 година посветено е особено внимание. Овде се вбројуваат двете манифестации „Средби на Бошњаците од Република Македонија" што се одржува на 6 мај во с. Горно Оризари и „Пеливански натпревари" на која се презентира фолклорот и обичаите на Албанската заедница и се одржува во с. Бузалково. Исто така од Програмата се одвоени средства за обележување на празниците на Ромите и Турците од Општина Велес, во организација на здруженија на граѓани од овие етнитети и гостување на ромски и турски КУД од Велес во други општини во Република Македонија.

Јубилеи

Во 2008 година Општина Велес се вклучи во обележувањето на 60 годишнината од егзодусот на Македонците од Егејска Македонија.

По повод 8 Септември, Денот на независноста на Република Македонија, беше ставена во функција новоизградената фонтана во Младински парк и организирана музички хепенинг на кој зедоа учество КУД од Велес, групата „Виртус“ и естрадните ѕвезди Сузана Гавазова и Александра Пилева.

Свечената седница по повод Денот на општината 9-ти Ноември во 2008 година се одржа во реконструираната сала „Бели мугри“ и беше збогатена со уметничка програма во која зедоа учество камерниот хор „Св. Климент Охридски“ и Влатко Стефановски.

На 10 ноември беше одржан и концерт за промовирање на пијаното – донација од Меѓународната фондација за уметност и музика од Лихтенштајн.

На концертот настапија Оркрстарот на Саша Николовски Ѓумар и солистите Марија Ѓошевска,Зоран Џорлев и Весна Гинова Илковска. Во чест на празникот беа одржани и бројни изложби и промоции на книги.

Актерската награда за животно дело Петре Прличко за 2008 година му е доделена на актерот од битолскиот театар Петар Мирчевски.

Обележувањето на значајни настани и личности се реализираше според утврден календар.

Една од најмасовните културни манифестации реализирани согласно програмата е Дочекот на Новата 2009 година. Во рамките на новогодишните празнувања се одржаа две театарски претстави за деца. Една во салата „Бели мугри“ за децата со посебни потреби и децата без родители и родителска грижа и една на отворено во Младинскиот парк за сите деца од Велес.

За сите овие манифестации издвоени се вкупно 1. 932.083,00 или заедно со меѓународните во 2008 година за културни манифестации издвоени се вкупно 4.295.610,00 денари.

Инвестиции

Во областа на културата согласно оваа Програмата изработени се уште 3 портрета на знаменити велешани кои станаа составен дел на Трајната поставка на портрети и тоа портретите на музичарите Живко Фирфов и Стефан Гајдов и основоположникот на македонското сликарство Ѓорѓи Зографски. За потребите на Ликовниот салон беа набавени 100 столици. Беше проширен амфитеатарот во Младинскиот парк, а најголем дел од средствата (1.325.682,00 ден.) беа вложени во уредување на салата „Бели мугри“. За инвестиции во 2008 година потрошени се вкупно 1.573.459 денари.

Трансфер на средства

Овој дел од Програмата ги содржи блок дотациите за плати, наменските расходи и расходите од самофинансирање на Локалната библиотека „Гоце Делчев" и Локалната установа Народнен музеј.

Начин на реализирање

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2008 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од објаста на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број на граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

2008 – Година на Рацин

Во 2008 година се обележа 100 години од раѓањето на Рацин, 65 години од неговата трагична погубија и 45 години од одржувањето на Меѓународната културна манифестија „Рацинови средби“. За достојно обележување на јубилеите поврзани со името и делото на најголемиот македонски поет на сите времиња Кочо Солев Рацин 2008 година беше прогласена за Година на Рацин, а Советот на Општина Велес донесе посебна програма со која преку бројни манифестации во текот на целата година се организираа манифестации посветени на овој македонски великан.

Беше отпечатен рекламен материјал со ликот на Рацин (32.999ден.). Особено автентични беа стомничињата со ликот на Рацин кои во истовреме ја симболизираат неговата грнчарска професија, го претставуваат Велес преку традиционалниот занает – грнчарството, а на себе ги имаат означено трите клучни години 1908-1943-2008. Посебно внимание се посвети на интензивирање на меѓуопштинската и меѓународната соработка со градовите кои директно се поврзани со Кочо Рацин – општината Другово на чија територија се наоѓа планината Лопушник каде е загинат Кочо Рацин и градот Самобор каде во 1939 година е отпечатена стихозбирката „Бели мугри“. Во рамките на „Рациновите средби“, а преку оваа Програма гостуваше Народниот музеј од Самобор со изложба посветена на Рацин сочинета од документи сопственост на самоборскиот музеј (50.000 ден.).

Во март 2008 година беше промовирана монографијата „150 години Гимназија „Кочо Рацин“ со посебен акцент на годишнината од кога Гимназијата го носи името на Рацин. Промоцијата беше проследена со сценско-музички перформанс подготвен од учениците на гимназијата.

Во април беше изработен мурал со ликот на Рацин на една од фасадите во централното градско подрачје. Муралот го изработија членовите на Стрип центарот на Македонија со седиште во Велес (152.000 ден.).

Во мај 2008 година свој придонес кон Годината на Рацин дадоа и децата од ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев“ со изведба на комплексна сценско-музичка игра „Детските раце за Рацин“. На само за нив својствен начин, со учество на сите деца од 4-6 годишна возраст беше прикажан Велес во првата половина на 20-тиот век, занаетите, чаршијата, старотрадските песни, архитектурата и одгледувањето на тутун и афион.

Издавачката куќа „Матица македонска“ во 2008 година ја објави книгата „Бели мугри“ на сите словенски јазици. Општина Велес набави 60 примерока од оваа книга (52.000 ден.).

Делот од Програмата „Народната песна – инспирација за современотомузичко творештво – ретроспектива на музичките гости на Рациновите средби“ се исполни со настапот на Биља Крстиќ и Бистрик оркестра на 45-тите „Рацинови средби“ (393.912 ден.).

Наместо поетско-музичкиот колаж „Има ли срце“ денот на раѓањето на Рацин се обележа со спектакуларна манифестација организирана заеднички од Општина Велес, Министерството за култура, Друштвото на писатели на Македонија, ЈП Македонски железници и Академијата за визуелни уметности раководена од академик Јордан Плевнеш. Манифестацијата насловена како „Великанот Рацин“ започна со украсување на специјален воз за Рацин со изложба од негови фотографии. Возот со 100 почитувачи на неговото дело од Скопје пристигна во Велес каде со пригодна програма во куќата на поетот и салата „Бели мугри“ се чествуваше раѓањето на поетот (51.959,5о ден.).

Програмата Година на Рацин се реализираше со вкупно 734.670,50 ден. од планираните 1.385.000 денари.

3.8. Л – Спорт и рекреација

Општина Велес и во 2008 година ги делегираше надлежностите од областа на спортот на Здружението на граѓани "Сојуз на спортови" Велес за реализирање Програмата во делот што се однесува на спортот.

Во 2008 година за оваа програма планирани се средства во висина од 5.273.000 денари ,а реализирани се 3.369.849 денари односно 63,90 %.

По донесувањето на Програмата, Сојузот на спортови, во соработка со своите членки спортските клубови, друштва и организации, пристапи кон нејзина практична реализација.
Програмата од областа на спортот во 2008 година опфаќа:

I. Спортски манифестации
II. Поддршка на спортски сојузи
III. Масовна физичка култура
IV. Поддршка на спортот во градот
V. Инвестиции

I. Спортски манифестации

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кој постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации. Посебен интерес кај граѓаните предизвикаа традиционалните турнири во фудбал и мал фудбал, во боречки вештини и спортски риболов. За оваа намена се планирани 543.000 денари, а реализирани се 468.900.

II. Подршка на спортски сојузи

Со цел да вклучи поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортските сојузи и нивните активности.
Во 2008 година за поддршка на активностите на спортските сојузи од Буџетот на Општина Велес се планирани средства во вкупен износ од 300.000 денари од што се реализирани 273.900 денари.

III. Масовна физичка култура.

Масовната физичка култура ги опфаќа градските првенства во гимнастика, карате, спортски риболов, велосипедизам и тн. За оваа намена планирани се буџетски средства во износ од 130.000 денари, а потрошени 104.000 денари.

IV. Поддршка на спортот во градот

Согласно основните цели на Програмата, Општината Велес прави напори да го поддржи и да создава услови за што поголем развој на спортот во градот. Особено е важно да се подобруваат условите на локално ниво за развој на квалитетниот спорт. Бидејќи средствата предвидени со Буџетот на Општината за 2008 година за оваа намена се ограничени, Советот на Општина Велес донесе Решение за распределба на средства во висина од 1.580.000 денари за поддршка на квалитетниот спорт во градот што беа реализирани сразмерно со полнењето на Буџетот. Согласно изградените критериуми најголем дел од средствата се доделени на спортски екипи кои се натпреваруваат во првата и втората лига, а потоа редоследно на екипите од пониските спортски рангови.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат извештај.

За оваа намена планирани се 1.580.000 денари, а реализирани 1.080.000 денари. Ова се должи пред се на проблемот со не регистрирањето на спортските клубови како посебни правни субјекти, а со тоа и не можноста да се изврши трансферот на средства согласно пропишаните законски норми.

V. Инвестиции

Со средства од Буџетот на Општина Велес во 2008 година поставена е опрема на повеќе отворени спортски терени во градот и населените места, набавена е спортска опрема и реквизити, а дел од средствата се вложени и во реконструкција на спортската сала „Парк-спорт". Најмногу средства се вложени во уредување на игралиштата во Превалец и Башино Село.

Со средства на Буџетот на Општина Велес во делот инвестиции во областа на спортот издвоени се вкупно 1.443.048,5о денари.

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2008 година беше обезбедувањето на активен однос на Општината кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Велес преку спортот. Во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти, граѓани од различна возраст и од обата пола, а целокупната координација ја извршуваше здржението на граѓани "Сојуз на спортови" на која и се делегирани надлежностите од областа на спортот.

Поддршка на НВО секторот

За 2008 година Општина Велес донесе посебна програма за поддршка на НВО секторот. Програмата подразбира партиципација на Општина Велес во проекти што се реализираат партнерски со здруженијата на граѓани и подмирување на комуналните трошоци во Домот на НВО.

Во 2008 година Општина Велес од планираните 340.000 денари по оваа Програма потрошени се 64.753,50 денари, средства за комунални трошоци во Домот на НВО.

Поддршката и партнерството во проектите со здруженијата на граѓани Општина Велес го обезбеди како донација и како логистичка поддршка во човечки ресурси.

3.9.М – Социјална заштита и заштита на децата

Оваа програма ги опфаќа активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита и Општинската јавна установа Детска градинка „Димче Мирчев". За реализација на оваа програма беа планирани средства во износ од 43.830.163 денари кои во најголем дел се однесуваат на блок дотација за плати на вработените во Детската градинка, наменските дотации и средствата од самофинансирање.Во 2008 година за планираните активности во областа на социјалнта заштита и заштита на децата се реализирани средства во вкупен износ од 43.307.822 денари или програмата е реализирана со 98,80 %.

Во 2008 година Општина Велес:

-Организираше работилници за едукација со цел да се делува превентивно на девијантните појави во однесувањето на младата популација, родовата сензибилизација и превентива во раното откривање на канцерогените заболувања;

- даде намена на објект за отворање СОС линија и технички го опреми просторот за отпочнување со работа на СОС телефонот;

-го презентираше Локален акционен план за лица со хендикеп (Агенда 22) на III-от Светски форум за човекови права во Франција;

- Локален акционен план за лица со хендикеп (Агенда 22) во Велес беше промовиран по повод 3-ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со хендикеп.

-изработи Стратегија за борба против туберколозата итн.

Согласно надлежностите во изминатиов период беа спроведени активности насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на одделни групи граѓани.

Тековни активности

Во соработка со УНИЦЕФ Општина Велес се вклучи во проектот „Општина по мерка на детето" преку кој беше обезбеден еден комјутер како техничка помош на Општината.

Во соработка со Министерството за труд и социјална политика, а во рамките на Декада на ромите, Општина Велес финансиски го поддржа проектот за вклучување на деца Роми во предучилишните установи.

За рехабилитација на деца од Општина Велес беа издвоени 40.000 денари. Ова е проект на Друштвото на родители за грижа за здраво поколение поддржан од Министерството за заштита на животната средина во чија реализација Општина Велес учествува секоја година.

Покрај наведените активности Општина Велес на почетокот на учебната година на децата без родители кои се ученици во основно и средното образование им обезбеди комплет учебници, а за новогодишните празници за нив и за децата со посебни потреби беше организирана театарска претстава и им беа доделени пригодни подароци.

Трансфер на средства

Во програмата се прикажани и средствата за блок дотација за плати на вработените во Детската градинка, наменските дотации и средствата од самофинансирање.

3.9. Н – Образование

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година планирани се средства во износ од 299.828.941 денари а реализирани се 280.984.032 денари или Програмата е реализирана во износ од 93,71 %. Во делот на трансфер на средства се прикажани средствата за блок дотација во основното и средното образование.

Планираните трансфери за 2008 година изнесуваат 166.521.788 ден. за основното образование и истите се реализирани во износ од 165.652.054 ден. или 99,47 %.

Планираните трансфери за 2008 година изнесуваат 89.732.873 ден. за средното образование и истите се реализирани во износ од 88.420.876 ден. или 98,53 %.

Активности

Во 2008 година Гимназијата „Кочо Рацин“ ја обележа 150 годишнината од отворањето на првата Гимназија на Балканот. Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј беше обележан со свечена академија на која беа доделени и наградите за најдобар наставник во основното и средното образование.

Општина Велес го поддржа учеството на средните стручни училишта на Образовното рандеву.

Во оваа ставка во Програмата беа планирани 60.000, а реализирани 36.000 денари.

Инвестиции

Во текот на 2008 година Општина Велес планираше средства од Буџетот во висина од 6.500.000 денари, а реализирани се 3.228.952 денари или 49,67 % за инвестирање во образованието со цел да ги подобри условите за одвивање на образовниот процес и тоа:

1. ООУ „Св. Кирил и Методиј“

- Санација на покрив и замена на под во две училници
- Замена на кровна конструкција, поставување на олуци, обновување на фасада, бетонирање на двор и поставување на топловодно греење во подрачното училиште во с. Црквино

2. ООУ „Рајко Жинзифов“ Горно Оризари

- Асфалтирање на приодниот пат и поставување на бетонски плочки пред новиот училишен објект.
- Фарбање на училишни подови и поставување на топловодно греење во подрачното училиште во Превалец.

3. ООУ „ЈХК Џинот

- Замена на подови, инсталирање на водоводна линија и поставување на умивалници, санирање на фасадата на објектот и поставување на топловодно греење во подрачното училиште во с. Башино Село.

4. ООУ „Стојан Бурчевски Буридан

- Бетонирање на патека, изградба на потпорен ѕид и изградба на спортско игралиште – дел.

5. ООУ „Благој Кирков“

- Поставување на заштитна мрежа на прозори
- Поставување заштитна мрежа за оградување на дворно место во подрачното училиште во с. Чолошево.

6. ООУ „Васил Главинов“

- Учество во проектот за енергетска ефикасност и замена на подна облога во кабинетот по ликовно образование.
- Реновирање на кровна конструкција во Подрачното училиште во с. Клуковец.

Од средства на Општина Велес набавени се 9 ќумбиња за затоплување на подрачните училишта.

Затечената состојба во образованието на територијата на Општина Велес наложи да се преземат овие градежни зафати.

Во проектот за енергетска ефикасност во ООУ „Васил Главинов“ беа заменети прозорите. Проектот беше финансиски делумно поддржан и од Општина Велес со средства во износ од 70.954 денари.

Заклучок

Следејќи ги основните цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2008 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од објаста на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Прв училишен ден итн. Зачленувањето на првачињата во Светската детска организација беше збогатено со театарска претстава. Со изградбата на Ликовниот салон се создадоа услови учениците од ООМУ „Киро Димов" своите јавни часови да ги држат во соодветен простор без никаков надоместок итн.

Во Програмата за спорт голем дел од активностите се поврзани со учениците од основното и средното образование, особено Лига систем натпреварите за учениците од основните и средните училишта.

3.11. W – Противпожарна заштита

Со новите надлежности на општините во процесот на децентрализацијата работата и вработените во Територијалната противпожарна единица стана дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес превземе вкупно 25 пожарникари. Во моментот на превземањето од страна на Министерството за внатрешни работи беа укинати средствата за плата за едно лице, кое беше на отслужување на казна затвор.

Во согласност со Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените вло Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес. Поради тоа, во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2008 година, за плати и надоместоци за плати за вкупно 25 вработени во ТППЕ планирани се средства од Буџетот на РМ во вкупен износ од 9.969.500 денари а реализирани се средства во износ од 9.705,189 денари или 97,35 %. Во овој износ е и покачувањето од 10% сметано од 01-ви септември 2008 година за вработените во јавните служби. Од овие средства за плати, придонеси и надоместоци во 2008 има мал остаток на средства како резултат на боловања и други оправдани причини по основ на закон кои се повлечени од страна на министерството.

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2008 година беа планирани 2.300.000,00 денари од Буџетот на Општина Велес, а потрошени се вкупно 1.562.607,00 денари или 67,94%. Со оглед на фактот дека со Законот за пожарникарство е предвидено финансиско учество на општините кои не формираат Територијална противпожарна единица, во Програмата за 2008 година планирани се 310.000 денари од општините Чашка и Градско, на кои Општина Велес им дава услуги од областа на противпожарната заштита. Меѓутоа, и покрај законската обврска, ниту една од двете општини не уплатија средства за оваа намена на сметката на Општина Велес. И покрај настојувањата на Општина Велес ова прашање да се регулира во текот на извештајниот период, не се постигнати позитивни резултати.

Во текот на 2008 година од осигурување на возила остварени се вкупно 847.206,00 денари, наместо планираните 1.500.000,00 денари.

Во текот на 2008 година Општината интервенираше во тековното одржување на зградата за која цел потрошени се 305.093,00 денари од планираните 650.000,00 денари односно 46,94 % реализација на овој планиран трошок.

Направена е набавка заради докомплетирање на униформата за пожарникарите, (зимски чизми, вентијага, чорапи, каиши) за што се потрошени 308.679,00 денари од планираните 340.000,00 денари или реализација од 90,78 %. Исто така вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидат подготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интевренција се сервисираат.

Во 2008 година се реализраше проектот „Операција Флоријан“ со фондацијата „Черити“ од Обединетото Кралство, преку која ТППЕ од Велес доби големи количини лична опрема за пожарникарите, ПП возило и комбе за пренесување на техничката опрема потребна при гаснење на пожари од поголеми размери.

За реализација на овој проект кој опфати и двонеделна обука на пожарникарите од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2008 година за сместување на едукаторите потрошени се вкупно 77.000,00 денари од планираните 100.000,00 денари, додека за храна и други потреби за екипата од Обединетото кралство и преведувачите потрошени се 24.258,00 денари.

Инаку, планираните и потрошените средства во најголем дел од Програмата за 2008 година се усогласени и се движат во рамките на планираното. Најголеми отстапки се јавуваат во трошоците за водовод и канализација, вкупно 37.209,50денари, што произлегува од зголемената цена за плаќање на комуналните услуги, кои не можеа да се предвидат во моментот на донесувањето на Програмата.

4. Детален извештај за трошењето на тековната резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во Буџетот на Општина Велес за 2008 година 1.000.000 ден. се планирани во потпрограмата А0 – Совет на општина (ставка 413 – Тековни резерви (разновидни трошоци), а 500.000 ден. се планирани во потпрограма D0 – Градоначалник (ставка 413 – Тековни резерви (разновидни трошоци).

Согласно донесените решенија за одобрување на средства од Буџетот на Општина Велес во потпрограмата А0 – Совет на општина од планираните 1.000.000 ден., се потрошени 240.000 ден. и тоа:

На 04.02.2008 година – за лекување на Николче Стојчев заболен од прогресивна дистрофија на мускулите се исплатени 5.000 денари.

На 08.02.2008 година – за реализација на хуманитарната акција „блакцето на баба“ на Здружението на пензионери Велес, се исплатени 10.000 денари.

На 22.02.2008 година – се исплатени 2.000 ден. на лицето Љубе Мирчевски за набавка на боја за сликање.

На 11.03.2008 година – се исплатени 35.000 денари и тоа на:

-Македонската Архиепископија-Скопје (за покривање на дел од трошоците за превоз на донацијата на социјални пакети) ..... 20.000 ден.

-Сашко Андреевски–заболен од церебрална парализа ..... 5.000 ден.

-Светлана Ангелова-помош за изгорена куќа ..... 10.000 ден.

На 24.03.2008 година на име финансиска помош на Здружението на бранители, учесници во воениот конфликт 2001-2002 година, се исплатени 15.000 денари.

На 03.04.2008 година – се исплатени 10.000 ден. за финансиска помош за операција на Димовска Теона.

На 08.04.2008 година се исплатени 5.000 ден. на име финансиска помош на Боречкиот клуб „Спартак“ од Кочани.

На 30.04.2008 година за финансиска помош на Димче Панов – матурант – воспитаник на ДСУ „Методи Митевски Брицо“ му се исплатени 15.000 денари.

На 26.05.2008 година на лицето Туркијан Брзева се исплатени 10.000 ден. на име еднократна помош поради трагично загинување на нејзиниот сопруг.

На 02.06.2008 година за финансиска помош за лекување на 2,5 годишниот Малинов Мартин се исплатени 10.000 ден.

На 10.07.2008 год. се исплатени 5.000 ден. за финансиска поддршка за Стојанов Николче поради болест.

На 14.07.2008 год. 5.000 ден. се исплатени на Стојчевски Стефан за патни трошоци за учество на балканска математичка олимпијада.

На 05.08.2008 год. на Миланова Марија поради болест и е доделена парична помош во износ од 3.000 ден.

На 12.09.2008 год. на Манев Петар за набавка на имплатант му се доделени 30.000 ден.

На 24.12.2008 год. на Видевски Боре за хируршки интервенции му се доделени 30.000 ден., и

На 29.12.2008 год. на Пренџова Јуруковска Соња и е доделена парична помош во вредност од 50.000 ден. за набавка на лекови.

Во потпрограмата D0 – Градоначалник од планираните 500.000 ден., се потрошени 400.046 ден. и тоа:

За отпремнини при заминување во пензија на вработени во образованието, детската заштита и културата е исплатено на следниве лица:

1. На 09.09.2008 година	Богоевски Трајан	30.980 ден.
2. На 09.09.2008 година	Зафиров Петар	30.906 ден.
3. На 24.09.2008 година	Трифунов Панде	31.396 ден.
4. На 21.10.2008 година	Камев Благој	31.518 ден.
5. На 21.10.2008 година	Лазаревски Светозар	31.530 ден.
6. На 24.10.2008 година	Јорданов Аспарух	31.530 ден.
7. На 11.12.2008 година	Димов Ангелче	32.340 ден.
8. На 12.12.2008 година	Дураков Панче	32.340 ден
9. На 12.12.2008 година	Дукова Камка	32.340 ден.

За помош во случај на смрт на вработен или на член на потесното семејство е исплатено:

1. На 09.09.2008 година	Саздов Илија	13.959 ден.
2. На 11.09.2008 година	Максимов Трајче	13.297 ден.
3. На 11.09.2008 година	Биберовиќ Рамо	13.151 ден.
4. На 24.09.2008 година	Мајсторов Симонче	14.118 ден.
5. На 21.10.2008 година	Јамандиева Марионка	12.941 ден.

Како помош за боледување подолго од 6 месеци се исплатени парични средства на следниве лица:

1. На 27.10.2008 година	Ѓоргов Сашко	15.765 ден.
2. На 27.10.2008 година	Синадинова Македонка	15.765 ден.
3. На 12.12.2008 година	Соња Прнџова Јуруковска	16.170 ден.

5. Изјава од одговорен сметководител

Општина Велес води целосна и комплетирана , навремена , ажурна и хронолошка сметководствена евиденција на сите книговодствени настани.

Признавањето на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведува според начелото на парично искажување.

Целокупното финансово материјално работење за деловната 2008 година е засновано на веродостојни документи – влезни и излезни кои се предмет на книжење на главната книга .

Одделните расходни ставки кои се поминати преку трезорската книга се засновани на спецификации и договори согласно законот за јавни набавки.

Сите извештаи согласно законските прописи се потполни , точни и навремено доставени до надлежните институции.

Општина Велес
Одговорен сметководител
Оливера Чанева с.р.

132.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување-проширување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување-проширување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/3
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) ичлен 45 од статутот на ЕЛС Велес (Службен гласник на општина Велес бр 12/2006 година), Советот на ЕЛС Велес на седницата одржана на 02-03 .2009 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на општина Велес за 2009 година

Член 1

Со оваа одлука се вршИ измена И дополнување -проширување на средства во Буџетот на општина Велес за 2009 година и тоа на следниот начин :

Се зголемуваат приходите на следните потставки :	Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредит
741111 Тековни трансфери од други нивоа на власт	13.100.000	0	0	0	0
741114 Пренесен вишок на приходи од претходната година	0	0	0	2.181.729	0
741120 Блок дотации на општината по одделни намени	0	0	0	7.139.000	0
	13.100.000	**0**	**0**	**9.320.729**	**0**
И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :					
J20 ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ					
424390 Одржување на други градби	8.000.000	0	0	0	0
JG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ					
482920 Изградба на други објекти	5.100.000	0	0	0	0
K10 БИБЛИОТЕКАРСТВО					
401130 Основни плати - други вработени	0	0	0	299.000	0
401310 Надомест за превоз до и од работното место	0	0	0	-20.000	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	-279.000	0
K30 МУЗЕЈСКА И КИНОТЕЧНА ДЕЈНОСТ					
401130 Основни плати - други вработени	0	0	0	430.000	0
401310 Надомест за превоз до и од работното место	0	0	0	-50.000	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	-380.000	0
N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ					
401130 Основни плати - други вработени	0	0	0	13.989.099	0
401310 Надомест за превоз до и од работното место	0	0	0	-2.904.366	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	-12.605.370	0
421240 Течни горива	0	0	0	-3.669.267	0
421440 Транспорт на луѓе	0	0	0	1.520.637	0
N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ					
401130 Основни плати - други вработени	0	0	0	6.677.637	0
401310 Надомест за превоз до и од работното место	0	0	0	-666.874	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	-6.180.095	0
421440 Транспорт на луѓе	0	0	0	169.332	0
425760 Превозни услуги во образованието	0	0	0	12.989.996	0
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ					
401130 Основни плати - други вработени	0	0	0	3.131.700	0
401310 Надомест за превоз до и од работното место	0	0	0	-247.500	0
401320 Надомест за храна	0	0	0	-2.884.200	0
	13.100.000	**0**	**0**	**9.320.729**	**0**

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2009 година а ќе се објави во Службен гласник на општина Велес.

Бр. 07-1099/3
година 03-03-2009

СОВЕТ НА ОПШТИНА Велес
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Славчо Чадиев с.р

133.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в.„Зад црква“ Општина Велес, плански период 2008-2018

Се објавува Одлуката за донесување Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“ Општина Велес, плански период 2008-2018, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/21
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.24/08) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 02.03.2009 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018)

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018)

Документацијата за донесување на урбанистички план вон населено место е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.24/08), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.78/06 и 140/07) и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на РМ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018) е со површина на урбано подрачје од 4,05 ха.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

·Регионалниот пат Р-103 од исток

·Парцелите КП309, КП 293, КП 292/5, КП 290 и КП 291 од запад

·Индустриска улица бр.„2“ од север

·Автопат Скопје – Гевгелија (М - 1)–Е-75

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018).

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

Извештај од јавната презентација и јавната анкета за Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018)

Член 4

За Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018)има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.17-1648/2 од 10.02.2008 година.

Член 5

Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018)го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и седмиот примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Агенција за катастар и недвижности-одделение за катастар и недвижности Велес на чување и користење.

Член 7

Урбанистички план вон населено место Башино Село, м.в. „Зад црква“- Општина Велес (2008-2018) го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1099/21
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

134.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од локалитет „Пазар“ дел од блок 32, 47 и 48, 2008-2013.

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од локалитет „Пазар“ дел од блок 32, 47 и 48, 2008-2013, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/22
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08 пречистен текст) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.24/08)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.03.2009 година, донесе

.О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт детален урбанистички план УЕ 4 и УЕ 9 дел од урбан блок 32, 47 и 48 локалитет „Пазар“– (2008-2013) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт детален урбанистички план УЕ 4 и УЕ 9, дел од урбан блок 32, 47 и 48 локалитет „Пазар“–(2008-2013) Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт детален урбанистички план УЕ 4 и УЕ 9, дел од урбан блок 32, 47 и 48 локалитет „Пазар“–(2008-2013) Општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатени медиуми.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/22
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

135.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за збратимување на Општина Велес со Општина Чан,Република Турција

Се објавува Одлуката за збратимување на Општина Велес со Општина Чан, Република Турција, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/23
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 14, став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.03.2009 година, донесе

ОДЛУКА
за збратимување на Општина Велес со Општина Чан, Република Турција

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес , Република Македонија, се збратимува со Општина Чан, Република Турција.

Член 2

Се воспоставуваат релации на соработка со Општина Чан, Република Турција во областа на локалниот економски развој, трговската размена, културната размена и сите други области од надлежност на општините, во интерес на граѓаните на двете општини.

Член 3

Врз основа на оваа одлука и одлуката на Советот на Општина Чан бр.2008/11-73,

Градоначалникот на Општина Велес и Градоначалникот на Општина Чан ќе потпишат Договор за збратимување и взаемна соработка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/23
03.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

136.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Општинското средно училиште „Гимназија Кочо Рацин“ Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/4
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член, 89а од Законот за измена и дополнување на Законот за средното образование (Сл.весник на РМ“ бр.67/04), член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.03.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“- Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година

1.Советот на Општина Велес ги усвои

Годишниот финансов извештај за работата и Завршната сметка на Средното општинско училиште „Гимназија Кочо Рацин“-Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/4
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

137.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/5
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член, 89а од Законот за измена и дополнување на Законот за средното образование (Сл.весник на РМ“ бр.67/04), член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.03.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Средното општинско училиште „Јовче Тесличков“-Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година

1.Советот на Општина Велес ги усвои Годишниот финансов извештај за работата и Завршната сметка на Средното општинско училиште „Јовче Тесличков“-Велес за 903,787 и 603 (општинска) за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/5
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

138.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Средното стручно општинското училиште „Димитрија Чуповски“ Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Средното стручно општинското училиште „Димитрија Чуповски“ Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 02.03.2009 година.

Број 08-1141/6
05.03.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член, 89а од Законот за измена и дополнување на Законот за средното образование (Сл.весник на РМ“ бр.67/04), член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 02.03.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“ -Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година

1.Советот на Општина Велес ги усвои Годишниот финансов извештај за работата и Завршната сметка на Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“-Велес за 903,787 и 603 (општинска) за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1099/6
03.03.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

139.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен финансов извештај за работата и Завршна сметка на Општинското средно училиште „Коле Неделковски“ Велес за 903, 787 и 603 (општинска) за 2008 година

